Локалните јавни установи во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Локалните јавни установи по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Општинските локалните јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначлникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1(еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општина Новаци за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

- платата кај избраните и именуваните лица ќе се исплатува согласно Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (Службен весник на РМ бр. 38/91, 23/97,37/2005, 84/05, 37/05, 121/07 , 161/08 и 139/14)вредноста на бодот изнесува 26,755 по коефициент од 2,70 .

За вработените во општинската администрација;

-За државни службеници вредноста на бодот изнесува **76,8 денари**

- За останатите вработени во општинската администрација кои земаат плата согласно Закон и Колективен договор:

-вредноста на бодот изнесува 72,32 денари помножено со содветен коефициент за оделни степени на сложеност согласно колективниот договор за државните,правосудните и органите на локална самоуправа на Република Македонија и Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

Вредноста на бодот се определува врз основа на најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси поделено со најнискиот број на бодови по работник согласно Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

- за вработените во локалните јавни установи согласно Закон и Колективен договор

Член 14

Исплатата на платите на локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата и образец 6.

Член 15

На вработените им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата..

Член 16

Надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, без трошоците за ноќевање, изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку во агендата стојат платени трошоци за храна, се исплатува 20% од дневницата.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни просечни месечни нето плати во органот каде бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна устаанова во случај на смрт на член во потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен но не повеќе од 15.000,00 по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локлната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација. Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во подпрограмата ДО градоначалник подставка 413110 тековни резерви /разновидни расходи/.

Член 19

Отпремнината при заминување во пензиија на вработениот во општината и локлната јавна установа е во висина на двократен износ од платата исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во ставката 464940- Трансфери при пензионирање во подпрограмата ДО- Градоначалник.

Член 20

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на локалните јавни установи се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде

приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи во износ, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

Член 22

По барање за помош од физички и правни лица , градоначалникот можи да врши исплата до износ од 5.000,00 денари, од Програма Д 0.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансират со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за Финанси, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи, со содветна пропратна документација.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Буџетот на Општината Новаци се извршува од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

Член 27

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци.

Бр.14-986/5
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2015 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др.

1.Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2015 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др., донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/3
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 22.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А
За давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2015 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др.

Член 1

Советот на Општина Новаци дава СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2014 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др. : бр.15-88/2 од 25.01.2016 год,бр. 12-197/1 од 15.02.2016 год, бр.12-62/5 од 11.02.2016 год, бр.08-153/1 од 03.02.2016 год,бр.08-155/1 од 04.02.2016 год, бр.12-80/5 од 10.03.2016 год, бр.12-80/5 од 10.03.2016 год, 08-369/2 од 14.06.2016 год, 08-423/3 од 23.05.2016 год,бр.12-241/1 од 02.03.2016 год, бр.08-339/1 од 30.03.2016 год, бр.08-226/2 од 13.12.2016 год.бр.08-594/2 од 19.07.2016 год,бр.08-672/3 од 25.08.2016 год, бр.08-774/2 од 20.09.2016 год,бр.08-338/2 од 30.03.2016, бр.08-586/2 од 19.07.2016 год,бр.12-185/1 од 11.02.2016 год,бр.08-340/1 од 30.03.2016 год,бр.12-76-/3 од 22.01.2016 год,бр.03-779/2 од 22.12.2016 год,03-769/2 од 22.12.2016 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-986/6
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

1.Објавувам Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/4
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 51 став 2, а во врска со член 25 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

I.

Се избира Претседател и членови на Комисијата за попис при Советот на Општина Новаци и тоа:

1. Петровски Благоја за Претседател
2. Николовска Елена за член
3. Николовски Благојче за член

II.

Задача на Комисијата за попис е да извршат попис на основните средства и ситниот инвентар во сопственост на Општина Новаци.

Работите од став 1 на овој член да се извршат со состојба на 31.12.2016 година.

III.

Мандатот на членовите на Комисијата за попис е до завршувањето на работите од точка **II.** на ова решение.

IV.

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-986/7
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за измена и дополнување на Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби

1.Објавувам Одлука за измена и дополнување на Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/5
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за измена и дополнување на Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби

Член 1

Во Одлуката за измена и дополнување на Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби,Бр.14-70/8 од 28-01-2016 година, се врши следната измена и дополнување:

Членот 4 се менува и гласи:

Финансиската помош на наведените трансфери во член 2 алинеја 1, 2 и 3 се доделува до максимален износ од **3.000.000,00** ден. во зависност од извршената евалвација на доставените проекти од страна на соодветните Комисии на Советот на општина Новаци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Бр.14-986/8
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2017 година

1.Објавувам Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2017 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/6
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 22 став 1 т. 9 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 7 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Цоветот на Општина Новаци,на седницата одржана на 22-12-2016г. донесе

ПРОГРАМА

за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2017 година

Вовед

Општините се носители на социјалната заштита која се утврдува како дејност од јавен интерес.Тоа се дефинира како систем од мерки,активности и политики за спречување и надминување на основноте социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и јакнење на неговиот капацитет за сопствената заштита.

Владата на Р.Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите,приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните и во согласност со оваа програма општината Новаци донесува програма за потребите на нејзините граѓани од областа на социјалната заштита.Општина Новаци со своја одлука во согласност со своите матерјални можности ја утврдува својата програма за социјална заштита и овозможува поволни услови за нејзино остварување.

Според новиот закон за соц.заштита донесен во јуни 2009год. во делот на социјалните услуги се овозможува:

-обезбедување на развој на воништитуционални социјални услуги со воведување на право на самостојно живеење со подршка и основање на мали групни домови.

-продолжување на процесот на децентрализација со давање на можност општините да воведат и други права од соц. заштита како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на соц.заштита.

-постои потреба да се работи на развивање на мрежата на соц.услуги на локално ниво ,преку зајакната соработка меѓу релевантните локални институции и организации како и врз основа на реална и објективна проценка на потребите на локалното население.

- во законот за соц.заштита постојат одредби со кои е овозможено партнерство меѓу државниот и приватниот сектор.

Програмата се изготвува со цел да се развие системот на соц.заштита во општина Новаци.

Анализа на постоечката состојба во доменот на социјалната заштита

Во општина Новаци според пописот од 2002год. живееат 3.546 жители.

Не поседуваме никаква база на податоци за корисници на социјална помош на цела територија на општина Новаци.

Постоечка состојба

Центрите за социјална работа во Република Македонија се претежно меѓуопштински центри односно стручните работници директно работат со корисниците на услуги од повеќе општини.Со донесување на Законот за локална самоуправа на општините им беа доделени надлежности од областа на социјалната заштита.Започнувајки од 2004 год. со измените на законот за социјалната заштита на општините им беше доделена можност за донесување на развојни програми за специфични потреби од социјалната заштита на граѓаните од своето подрачје и можност за превземање на основачките права на Центрите за дневно и привремено згрижување.Со законот за социјална заштита од 2004 год. утврдена е обврска за општините да изготвуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Вклучување на здруженија на граѓани во системот на социјалната заштита се овозможува со законските измени во 2004год.Со овие измени се овозможува здруженијата на граѓани да обезбедат социјални услуги за граѓаните со делумна финансиска подршка од МТСП преку објавување на јавни повици.

Цели на програмата

-Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво

-Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните.

-Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.

-Подржување на започнатите процеси на децентрализација и деинституционализација во социјалната заштита

-Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

Визија на програмата-(приоритетни области)

Мерки, носители, рокови

Цел 1- Реструктуирање на системот на социјална заштита

Евиденција и создавање на база на податоци на корисници на социјална помош на територијата на општина Новаци.

Мерка 1

Зајакување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојани заеднички работни тела и комисии.

-Носители

Општини

-Рокови

Долг временски рок

Мерка 2

Зајакнување на соработката во реализација на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјалнин услуги и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка.
Носители-Општини
Рокови-Долг временски рок

Мерка 3

Проширување на видот на договорени социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.
Носители- МТСП,општини.невладини организации
Рок-долг

Мерка 4

Анализа на можностите за склучување на договори за вршење на социјални услуги на ЦСР и др. даватели на социјални услуги на локално ново.
Носители- МТСП,ЦСР,општини ,невладин сектор, верски и хуманитарни организации, приватен сектор.
Рок долг

Мерка 5

Спроведување анализа на просторните, техничките, кадровските капацитети на територијата на општината врз основа на кои ќе се предложат решенија за развој на социјалната заштита на општина Новаци.
Носител-општината
Рок-среден

Цел 2 -Зајакнување на социјалната превенција

Законот за социјална заштита пердвидува превземање на мерки и активности на социјална превенција со кои се спречува настанување на социјалните ризици со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеност на социјалниот ризик.Превентивната работа опфаќа едукативно- советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на др.методи кои соодествуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.Законот за социјална заштита предвидува дека превентивната работа се остварува во соработка општините, предучилишните, училишните, здравствените установи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.Единиците на локалната самоуправа во голем дел не располагаат со капацитети за мапирање на основните социјални проблеми во нивните општини и превземање на ефикасни превентивни мерки и активности.Во систематизацијата на голем број општински администрации не се предвидува сектори ниту пак одделенија за социјална заштита.

Закон за малолетничка деликвенција-предвидува формирање на општинска комисија за превенција на малолетничкото престапништво

Законот за заштита на деца предвидува еднократна парична помош за прво новородено дете кое се обезбедува на семејството.Општина Новаци во овој поглед оди

чекор понапред, со Одлука на Советот на општина Новаци за секое новородено дете доделува парична помош од 5.000,00 денари, без оглед на бројот на деца во семејството.

Цел 3-Развивање на советувалишна и советодавната работа

Мерка 1

Отворање на советувалишта во системот на социјалната заштита(за деца и млади, предбрачно и брачно и др. советувалишта)

Носители –МПЦП,ЦСР,општини,невладин сектор

Цел 4-Развивање на меѓусекторска соработка во доменот на превенција на локално ниво

Мерка 1

Изработка на протоколи за соработка меѓу релевантните локални институции и организации

Мерка 2

Формирање на локални совети за социјална превенција при општините во кои ќе членуваат претставници од сите релевантни локални актери (ЦСР, општини,училишта,здравствени установи,полициски служби,невладини организации)

Социјални услуги за вонинституционална заштита

Со усвојување на новиот закон за социјална заштита во 2009год. се воведува две нови форми на згрижување (сместување во мал групен дом и самостојно живеење со подршка) кои со постоечкиот закон се утврдени како форми на вонинституционална заштита и покрај тоа што имаат карактеристики на институционална заштита.

Цел-1 Развивање на форми на институционална и вонинституционална заштита

Мерка 1

Предвидување на сретства за оспособување, опремување, реновирање на објекти за таа намена. Предлог:

-Дневен центар и клубови за стари лица и воздрасни лица
-Центар за давање на помош во домашни услови
-Народни кујни

Мерка 2

Развивање на облици на воништитуционална заштита (дневно и привремено згрижување,помош и нега во домашни услови)

Мерка 3

Спроведување на детална и длабинска анализа за портебите од социјални услуги на локално ниво преку идентификација на ризични групи на население,расположливи

просторни капациети,потенцијалите на локалните организации и институции ,можните облици на финансирање и предлози за воспоставување на мрежа на локалните центри за за дневно и привремено згрижување врз основа на утврдените потреби

Мерка 4

Потикнување на проекти засновани на мрежна локална соработка меѓу општини, здруженија на граѓани, приватни бизниси и др.субјекти.

Мерка5

Промовирање на волонтерска работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку системска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.

Цел 2- Развивање на други форми на вониституционална заштита

Мерка 1

Формирање на центри за помош во домашни услови за стари и изнемоштени лица (дистрибуција на храна,одржување на хигена во домот и лична хигена).

Мерка 2

Воведување на формата интегрирани центри за локални социјални услуги од страна на општините со можност за кофинансирање и партиципација на корисници (овие центри ќе даваат информации за расположливите услуги за различни категории корисници во социјален ризик, ќе даваат помош при избор на потребната социјална услуга, директно ќе нудат услуги за помош и нега во домашни услови од различен вид и др.)

Мерка 3

Развивање на формите на домашна помош и нега од страна на граѓанските здруженија,приватен сектор,општините,верските организации и др.локални актери врз база на кофинансирање.

Носители-општини,НВО,донатори,приватен сектор,хуманитарни и верски организации.

Мерка 4

Постепено пренесување на надлежностите за менаџирање и финансирање на постоечките народни кујни на општините кои истите би можеле да ги превземат и реализираат во соработка со други локални институции и организации.

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и и категории на лица кои ги опфаќа ова програма

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

-ризици по здравјето(болест. повреда и инвалидност)
-ризици од стареење9старост и преживување)
-ризици по мајчинство и семејство
-ризици од невработеност и професионална неадаптираност
-ризици од неадаптираност кон социјалната средина

Категории на лица кои бидат опфатени со ова програма кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

-лица со телесна попреченост
-деца на улица((деца без родители и родителска грижа)
-деца со посебни потреби
-деца со воспитно социјални проблеми
-деца со еднородителски семејства
-лица изложени на социјален ризик
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол
-стари лица без семејна грижа
-лица со здраствени проблеми
-лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кои тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба

Финансирање

За реализацијата на програмата ќе се обезбедат потребни финансиски сретства од буџетот на општина Новаци,буџетот на Р.Македонија и донатори.

Финансиски средства за категори на граѓани:

-лица со телесна попреченост од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-деца на улица((деца без родители и родителска грижа) од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-деца со посебни потреби од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-деца со воспитно социјални проблеми од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-деца со еднородителски семејства од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-новородено дете 5.000,00 денари
-лица изложени на социјален ризик од 2.000,00 до 5.000,00 денари
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-стари лица без семејна грижа од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-лица со здраствени проблеми од 2.000,00 до 5.000,00 денари
-лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго од 2.000,00 до 5.000,00 денари

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 5.000,00 денари, а за средства над 5.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на граѓанинот.

Завршна одредба

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2017 година

1.Објавувам Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2017 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/7
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 22 став 1 т. 6 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 6 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 22-12-2016г. донесе

ПРОГРАМА

За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2017 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните

активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци:

Трансвер до спортски клубови 2.800.000,00 денари

Изградба на други објекти(спорт и рекреација) 1.500.000,00 денари

Спортските клубови треба да достават барање и програма за да можат да користат средства од буџетот на општина Новаци

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 5.000,00 денари, а за средства над 5.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на дополнителни средства на Културно Иновативен клуб Новаци за реализација на манифестација „Културно лето Новаци 2016„

1.Објавувам Одлука за одобрување на дополнителни средства на Културно Иновативен клуб Новаци за реализација на манифестација „Културно лето Новаци 2016„ донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/8
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А
За одобрување на дополнителни средства на Културно Иновативен клуб Новаци за реализација на манифестација „Културно лето Новаци 2016„

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ дополнителни средства во износ од **106.7200,00** денари на Културно Иновативен клуб Новаци за реализација на манифестација„Културно лето Новаци 2016„

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата да се исплатат на име Културно Иновативниот Клуб Новаци, на жиро-сметка:210068311840152, даночен број : 4066012500349, депонент НЛБ Тутунска Банка АД Скопје .

Член 4

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Новаци„.

Бр.14-986/11
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука За одобрување на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола

1.Објавувам Одлука За одобрување на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/9
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), и член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А
За одобрување на Здружение за запознавање и патување
ОФ РОУД-Македонија Битола

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **9.000,00** денари на Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, за направена угостителска услуга(Фактура бр.1/2016 од 07.10.2016)

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Средствата да се исплатат на име Здружение за запознавање и патување ОФ РОУД-Македонија Битола, на жиро-сметка:290000001233988, даночен број : 4002011523002, депонент ТТК Банка Битола .

Член 4

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Новаци„.

Бр.14-986/12
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александар Димовски од Битола

1.Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александар Димовски од Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/10
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Александар Димовски од Битола

Член 1

На лицето Александар Димовски од Битола, му се доделува еднократна парична помош во износ од **15.000,00** денари, за учество на натпревари во Кикс-бокс

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година .

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-986/13
22.12.2016.год.

Совет на општина Новаци
Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Никола и Пецо Мијаковски од с.Добровени

1.Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Никола и Пецо Мијаковски од с.Добровени, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/11 ОпштинаНоваци
28.12.2016 год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Никола и Пецо Мијаковски од с.Добровени

Член 1

На Никола и Пецо Мијаковски од с.Добровени, му се доделува еднократна парична помош во износ од **50.000,00** денари во градежни материјали, за претрпена штета од елементарна непогода-пожар на објект-куќа.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2016 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-986/14 Совет на општина Новаци
22.12.2016.год. Претседател
МицевскиПецо

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александар Јовановски од Битола

1.Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александар Јовановски од Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 22.12.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1005/12
28.12.2016 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2016 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
